Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Градоначалник
Komuna e Zelenikovë-Kryetar
Бр.-Nr. 04-321/14
26.12 20 25 год.-viti
Зелениково/Zelenikovë

Република Северна Македонија
Општина Зелениково

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административните службеници (Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 48/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ број 275/19, 14/20, 99/22 и 208/24), а во согласност со Предлогот за вработување на кандидати број 10-1661/4 од 19.12.2025 по Јавен оглас број 872/2025, Градоначалникот на Општина Зелениково донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за вработување на**
**административен службеник по јавен оглас**

1.За извршител на работно место со шифра УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт – Технички секретар на Градоначалникот и Односи со јавност, во Одделение за нормативно правни, јавни дејности, односи со јавност и општи работи, се избира кандидатот со идентификациски код F308C21, Габриела Димишковска.

2. Именуваната ќе биде вработена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

***Образолжение***

По барање на Општина Зелениково, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 872/2025 на својата интернет страна, како и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, на 26.07.2025 година, за вработување на административен службеник во Општина Зелениково.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас број 872/2025, формирана со Решение од Директорот на Агенцијата за администрација со архивски број 10-1661/9 од 27.11.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, по спроведената административна селекција на 28.11.2025 година во 13:03 часот во просториите на Агенцијата за администрација и спроведениот испит за административен службеник на ден 11.12.2025 година, на ден 17.12.2025 година спроведе постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатот за административен службеник.

По спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати и Предлог за избор на кандидат за вработување на работно место Самостоен референт – Технички секретар на Градоначалникот и Односи со јавност, во Одделение за нормативно правни, јавни дејности, односи со јавност и општи работи.

Врз основа на предлогот за вработување на кандидат, Градоначалникот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла во Агенцијата за администрација.

**Градоначалник**

**Коста Маневски**

Доставено до:
- Архива
- Агенција за администрација
- Избраниот кандидат

Изготвил: М-р Сања Симоновска Богојческа